Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-201/8
13-05-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-201/1 од 11.2.2025 година поднесена од против Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски, за извршена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски врз .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-201/1 од 11.2.2025 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги од страна на Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски.

Согласно наводите на претставката, подносителот е сопственик на фирма во Берово, чија дејност е продажба на крофни и учество на јавни настани и манифестации, при што веќе неколку години station наназад, подносителот учествувал на Етно фестивалот кој се одржува во месец август во Берово, преку вршење на погоре наведената дејност на местото на настанот, како и поставување на бокс апарати кои исто така ги поставувал на јавната површина каде се одржувал фестивалот, согласно добиена дозвола за користење на јавниот простор. Оттука, во претставката е истакнато дека по поднесувањето на исто вакво барање за користење на конкретна јавна површина (која ја користел и изминатите години) за времетраењето на фестивалот Етно фест 2024, добил негативен одговор, односно од Општината не му издале дозвола за користење на побараната јавна површина. Во однос на ова, подносителот наведува дека конкретниот простор кој го користел во континуитет нема инсталирано своја електрична мрежа за одржување и пружање на услугата која тој ја дава (продажбата на крофни и игра на бокс апаратите), па самиот тој се снабдувал со напојување преку сопствен агрегат.

Оттука, подносителот наведува дека добил Известување бр. 13-2684/1 од 19.8.2024 година, согласно кое заради потребите на одржувањето на Етно Плоштад Фестивалот, потребно е да ги дислоцира бокс апаратите поставени на јавната површина од страната на комерцијалниот објект „Алкалоид" до 21.8.2024 година, или во спротивно истите би биле отстранети од страна на Општина Берово. Следствено на ова, подносителот доставил поднесок на 20.8.2024 година со кој укажал на фактот дека имал уредно доставено барање за користење на јавна површина, на која немал добиено одговор дали истото се прифаќа.

Дополнително на ова, во предметниот поднесок било истакнато дека апаратите кои се во негова сопственост веќе неколку години биле уредно поставени на истата локација со издадена дозвола од страна на Општина Берово, при што во тековната 2024 година, по поднесувањето на барањето за користење на јавна површина, подносителот истакнува дека не добил повратен одговор на истото, или пак известување дали претходно добиената дозвола за користење на јавната површина е истечена/укината/поништена. Во продолжение на ова, во претставката е наведено дека на истиот датум кога бил поднесен погоре образложениот допис, подносителот добил Известување бр. 15-2009/30 со кое бил известен дека неговото барање за користење на јавна површина бр. 15-2009/13 од 7.8.2024 година било одбиено без никакво образложение и правна поука, односно без повикување на некаква одлука донесена од страна на орган на општината кој одлучува по барањата, поради што подносителот смета дека ваквата одлука претставува самоволно известување, а не акт со правна важност.

Оттука, подносителот наведува дека доставил уште еден дополнителен поднесок како одговор на добиеното известување од Општина Берово, укажувајќи на намерното и умислено некоректно и дискриминаторско постапување од страна на општинската администрација, Општина Берово и самиот градоначалник, со цел да му биде нанесена штета на него и неговото дете поради неговата ромска етничка припадност и да се загрози нивната егзистенција. Подносителот дополнително наведува дека ваквото известување со кое се одбива неговото барање за користење на јавна површина е под влијание на други лица, споменувајќи ја сопругата на градоначалникот, која воедно е и наставничка на синот на подносителот, наведувајќи дека постои договор со други блиски лица од чија страна во континуитет му е предизвикана ненадоместлива штета и оневозможување на вршењето на дејноста за која цел и барал дозвола за користење на конкретната јавна површина. Во прилог на ова, подносителот наведува дека бил физички нападнат на плоштадот на Општина Берово, каде му биле нанесени тешки телесни повреди, а во директна комуникација преку телефонски пораки, му биле испраќани пораки со понижувачка и омаловажувачка содржина во однос на неговата етничка припадност, при што во претставката не е наведено од страна на кои лица се испраќани ваквите телефонски пораки или пак дополнителни информации во однос на наводите за физички напад.

На крајот на претставката, подносителот наведува дека истиот не е виновен за неговата ромска етничка припадност и дека сака да е економски независен, при што истакнува дека со ваквите акти, нему му е ограничено правото на слободен избор на пазарот и користењето на јавни површини за кои уредно би ги плаќал предвидените такси и надоместоци.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

- Претставка поднесена до Народен правобранител на 29.11.2023 година;
- Известување за непокренување на постапка од страна на Народниот правобранител НП бр. 2595/23 од 18.12.2023 година;
- Барање за поставување на урбана опрема – тезга/штанд на јавна површина бр. 22-53 од 11.9.2024 година;
- Констатација на ОЈО Берово, постапувајќи по барање поднесено од страна на на 21.2.2024 година;
- Известување РО. Бр. 13/2024 од ЈО Берово, издадено на 10.6.2024 година;
- Известување со барање за дислокација на апарати доставено од страна на Општина Берово, бр. 13-2684.1 од 19.8.2024 година;
- Известување од Општина Берово до подносителот за одбивање на барање за користење на јавна површина, заведено под бр. 15-2009/30 од 20.8.2024 година;

- Поднесок од до Општина Берово, заведен под бр. 13-2684/2 на 20.8.2024 година;
- Известување од подносителот до Општина Берово бр. 08-2724/1 од 21.8.2024 година;
- Известување по барање Уп.1 22-53 поднесено од страна на , Уп.1 бр. 22-53 од 12.9.2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 20.2.2025 година испрати Известување бр. 08-201/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски.

На ден 11.3.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски, заведено под арх. бр. 08-201/4.

Во произнесувањето, најпрво е образложена постапката за добивање на дозвола за користење на јавна површина, почнувајќи од поднесувањето на барање за користење на јавна површина, последователно на што е потребно општината да донесе решение за користење на јавна површина согласно член 2 и член 9 став 1 од Законот за комунални такси. Оттука, наведено е дека во случајот на подносителот, согласно евиденцијата со која располага општината, немал поднесено барање за користење на јавна површина за 2024 година и согласно тоа, општината нема издадено Решение за користење на јавна површина за 2024 година.

Во произнесувањето е наведено дека заради одржувањето на настанот „Етно Плоштад фестивал", и обезбедување на целокупната површина на Плоштадот која со Одлука за утврдување на висината на надоместокот за закуп на тезги и штандови за саемскиот дел бр. 09-2109/1 од 2.7.2024 година, донесена од страна на Општина Берово, а во која се определени локации и цени за закуп на штандови и тезги, се нагласува дека локацијата на која се поставени бокс апаратите од страна на подносителот, иако е првично предвидена за издавање на физички или правни лица, поради најава на голем број на посетители заради атрактивноста на програмата и главната музичка ѕвезда, се јавила потреба конкретниот простор да биде слободен за посетителите заради овозможување на проток на повеќе лица кои ќе го посетат настанот.

Во однос на ова, од Општина Берово наведуваат дека Одделението за инспекциски надзор на 19.8.2024 година до подносителот доставило Известување бр. 13-2684/1 за дислокација на два апарати „боксерки", со рок до 21.8.2024 година, при што поради фактот што подносителот, кој бил уредно известен на 19.8.2024 не постапил по известувањето во дадениот рок, бил извршен вонреден инспекциски надзор, следствено на што бил составен Записник ИП1 бр. 27-19 на 22.8.2024, со кој на подносителот му бил изречен прекршочен платен налог согласно Законот за јавна чистота.

Во однос на барањето за користење на конкретната јавна површина од страна на подносителот за периодот од 23.8.2024 до 25.8.20234 година, од страна на Општината наведуваат дека му е доставено Известување бр. 15-2009/30 од 20.8.2024 со кое предметното барање се одбива.

На крај на произнесувањето, Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски истакнуваат дека наводите за сторена дискриминација врз основа на раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба се паушални и неточни, дополнително наведувајќи дека не е коректно заради едно барање на физичко лице да се спречи нормалното одржување на настан кој е централен настан во годината на територијата

на Општина Берово, истакнувајќи дека крајна цел на Општината е организирање на успешен настан чие започнување, одржување и завршување би биле безбедни и сигурни за градот и посетителите.

Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:

- Одлука за утврдување на висината на надоместокот за закуп на тезги и штандови за саемскиот дел на Етно плоштад фестивалот 2024 година на Советот на Општина Берово бр. 09-2109/1 на 2.7.2024 година, со прилог скица од просторот определен за закуп;
- Известување бр. 13-2684/1 од 19.8.2024 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката за заштита од дискриминација;
- Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр. 27-19 од 22.8.2024 година;
- Прекршочен платен налог ИП1 бр. 27/19 од 22.8.2024 година;
- Барање за поведување на прекршочна постапка ИП1 бр. 27-19 од 19.9.2024 година;
- Известување бр. 15-2009/30 од 20.8.2024 година.

На ден 2.4.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски достави барање за дополнителни информации во врска со постапката согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со предметното барање, од потенцијалните дискриминатори беше побарано да дадат информации во однос на следното:

- Дали подносителот на претставката во изминатите години кога се одржувал фестивалот имал добиено дозвола за користење на конкретната јавна површина за која годинешното барање му било одбиено?
- Дали конкретниот дел од јавната површина за кој подносителот на претставката поднел барање за користење за периодот на одржување на „Етно плоштад фестивал" бил даден на користење на некое друго физичко/правно лице, имајќи го предвид образложението во одговорот на претставката дека конкретниот простор бил потребен да биде слободен за да се овозможи проток на повеќе лица кои би го посетиле настанот?
- Дали поради фактот што барањето за користење на конкретната јавна површина му била одбиена на подносителот, доколку станувало збор за потреба истиот простор да биде слободен, на подносителот му било понудено користење на друг дел од достапната јавна површина за време на одржувањето на „Етно плоштад фестивал" 2024?

Оттука, имајќи ја предвид потребата од дополнителни информации, на ден 11.04.2025 год. заради утврдување на фактичката состојба во однос на предметот, беше извршен увид во Општина Берово.

При увидот беше направена средба со Градоначалникот на Општина Берово, г-н Звонко Пекевски како наведен потенцијален дискриминатор. Од страна на членовите на КСЗД од Градоначалникот беше побарано дополнително објаснување за наводите од дискриминација, односно дали во изминатите години подносителот на претставката добивал одобрение - дозвола за користење на наведената јавна површина, дали истата по даденото негативно решение за истата површина била дадена на друго физичко или правно лице и дали во замена на тој простор му било понудено друга локација-простор.
Од страна на градоначалник Звонко Пекевски и две вработени во стручните служби кои се директно надлежни за наведените прашања, беше даден следниов одговор кој до Комисијата беше доставен во писмена форма во текот на истиот ден, согласно кој:

1. Лицето во претходниот период од 2021 год. до 2023 год. по негово уредно поднесено барање и приложена уплата му било дозволено да ја користи наведената локација надвор од јавна површина на плоштад Димитар Беровски во Берово.
2. Наведената површина, иако била предвидена за издавање на физички и правни лица и за истата имало големо побарување поради атрактивноста на локацијата истата не била издадена ниту на физичко ниту на правно лице заради овозможување на слободен проток на посетителите кои беа најавени во голем број заради атрактивноста на програмата и главните музички ѕвезди на предвидениот настан-фестивал.
3. На подносителот не му била понудена друга локација бидејќи истиот не побарал и инсистирал за истата локација (плоштад Димитар Беровски во Берово) која во изминатиот период ја користел. Имено, подносителот после одбиено прво барање за користење на наведената локација, доставил уште неколку барања за истата локација и не побарал друга локација.

Меѓу другото, градоначалникот навел дека лицето во изминатиот период бил угледен граѓанин и пристоен корисник на повеќе услуги во рамките на неговото работење и дека никогаш претходно немале никакви проблеми или недоразбирање се до моментот на настапување на одредени здравствени проблеми за кои претпоставува дека се како резултата на претходно нарушени семејни односи.

На ден 11.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен и писмен одговор на барањето за дополнителни информации од страна на Општина Берово, заведен под арх. бр. 08-201/6.

Во однос на првото поставено прашање од страна на Комисијата, од Општина Берово наведуваат дека подносителот на претставката во изминатите години кога се одржувал фестивалот, како и други настани организирани во Берово, имал поднесено барање и добил дозвола за користење на јавна површина, при што се истакнати сите случаи кога ваквото користење на јавна површина било одобрено.

Во 2021 година:

Подносителот на претставката поднел Барање за издавање на решение за вршење на дејности на јавна површина Уп.1 бр. 22-26 од 29.4.2021 година за временскиот период од 29.4.2021 до 10.5.2021 година, на плоштадот Димитар Беровски во Берово, за користење на јавна површина од 2м², односно на ул. „23-ти Август", пред продажно место на Алкалоид. Оттука, наведуваат дека од страна на Комисијата за утврдување на површина пред деловните простории за поставување на урбана опрема на јавна површина при Општина Берово бил изготвен Записник за констатирана состојба за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр. 22-26 од 29.4.2021 година со кој барањето на подносителот се усвојува и следствено на тоа, издадено му е Решение за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр.22-26 на истиот ден.

Во текот на истата година, подносителот на претставката поднел Барање за издавање на решение за вршење на дејности на јавна површина Уп.1 бр. 22-46 од 2.7.2021 година за временскиот период од 2.7.2021 до 18.7.2021 година, на плоштадот Димитар Беровски во Берово, за користење на јавна површина од 3м², односно на ул. „23-ти Август", пред продажно место на Алкалоид за поставување на бокс апарати. Оттука, наведуваат дека од страна на Комисијата за утврдување на површина пред деловните простории за поставување на урбана


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

опрема на јавна површина при Општина Берово бил изготвен Записник за констатирана состојба за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр. 22-46 од 2.7.2021 година со кој барањето на подносителот се усвојува и следствено на тоа, издадено му е Решение за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр.22-46 на истиот ден.

Во продолжение, подносителот на претставката поднел уште едно Барање за издавање на решение за вршење на дејности на јавна површина Уп.1 бр. 22-68 на 15.11.2021 година за временскиот период од 15.11.2021 до 30.11.2021 година, на плоштадот Димитар Беровски во Берово, за користење на јавна површина од 3м², односно на ул. „23-ти Август", пред продажно место на Алкалоид за поставување на бокс апарати. Оттука, наведуваат дека од страна на Комисијата за утврдување на површина пред деловните простории за поставување на урбана опрема на јавна површина при Општина Берово бил изготвен Записник за констатирана состојба за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр. 22-68 од 15.11.2021 година со кој барањето на подносителот се усвојува и следствено на тоа, издадено му е Решение за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр.22-68 на истиот ден.

Во 2023 година:

Подносителот на претставката поднел Барање за издавање на решение за вршење на дејности на јавна површина Уп.1 бр. 22-32 од 16.6.2023 година за временскиот период од 16.6.2023 до 31.8.2023 година, на плоштадот Димитар Беровски во Берово за поставување на бокс апарат, за користење на јавна површина од 2м², односно на ул. „23-ти Август", пред продажно место на Алкалоид. Оттука, наведуваат дека од страна на Комисијата за утврдување на површина пред деловните простории за поставување на урбана опрема на јавна површина при Општина Берово бил изготвен Записник за констатирана состојба за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр. 22-32 од 16.6.2023 година со кој барањето на подносителот се усвојува и следствено на тоа, издадено му е Решение за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр.22-32 на истиот ден.

Во текот на истата година, подносителот на претставката поднел уште едно Барање за издавање на решение за вршење на дејности на јавна површина Уп.1 бр. 22-37 од 27.6.2023 година за временскиот период од 27.6.2023 до 3.7.2023 година за продажба на крофни, лимонада, палачинки и друго, на ул. „Дамјан Груев" – спортски терени кај стара гимназија во Берово, за користење на јавна површина од 12м². Во однос на предметното барање, Општина Берово наведува дека истото било усвоено со Записник за констатирана состојба за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр. 22-37 од 27.6.2023 година, следствено на што на подносителот му било издадено Решение за користење на простор на јавна површина Уп.1 бр.22-37 на истиот ден.

Во однос на прашањето дали конкретната јавна површина била дадена на користење на други физичко или правно лице, од страна на Општина Берово ги потврдуваат тврдењата истакнати во произнесувањето, наведувајќи дека иако оваа површина првично била предвидена за издавање, самата најава на голем број на посетители заради атрактивноста на програмата и главната музичка ѕвезда, се јавила потреба просторот да биде слободен за посетителите и заради овозможување на проток на повеќе лица кои ќе го посетат настанот, следствено на што конкретната јавна површина не била дадена на користење на ниту едно физичко или правно лице.

Во однос на третата побарана информација, во одговорот е истакнато дека со одбивањето на барањето за користење на конкретната јавна површина, на подносителот на претставката не му било понудено користење на друг дел од достапната јавна површина за време на одржувањето на „Етно Плоштад фестивал" 2024, истакнувајќи дека подносителот не побарал

друга локација за користење. Во продолжение на ова, наведено е дека останатите јавни површини кои се издаваат секоја година за време на одржувањето на Фестивалот во централното градско подрачје каде што секоја година се одржува споменатиот фестивал, биле наменети за вршење на други дејности и истите веќе биле издадени, односно закупени од други физички и правни лица. Во однос на дејноста која ја извршува подносителот, во одговорот е наведено дека истата предизвикува дим, кој доколку би бил на друго место поблиску до бината, би пречел на изведбата на изведувачите.

На крајот на доставениот одговор, од Општина Берово наведуваат дека согласно погоре образложеното, може да се констатира дека со оглед на тоа дека во претходните години, на подносителот на претставката му биле издавани Решенија за користење на јавна површина и за други настани кои се организираат на подрачјето на Општина Берово, ги отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз основа на неговата раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба.

Во прилог на доставениот одговор со дополнителни информации, беше доставена следната документација:

- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-26 од 29.4.2021 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-26 од 29.4.2021 година;
- Решение Уп.1 бр. 22-26 од 29.4.2021 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката;
- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-46 од 2.7.2021 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-46 од 2.7.2021 година;
- Решение Уп.1 бр. 22-46 од 2.7.2021 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката;
- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-58 од 16.8.2021 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-58 од 16.8.2021 година;
- Решение Уп.1 бр. 22-58 од 16.8.2021 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката;
- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-68 од 15.11.2021 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-68 од 15.11.2021 година;
- Решение Уп.1 бр. 22-68 од 15.11.2021 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката;
- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-32 од 16.6.2023 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-32 од 16.6.2023 година;
- Решение Уп.1 бр. 22-32 од 16.6.2023 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката;
- Барање за издавање на решение за вршење на дејности надвор на јавна површина Уп.1 бр. 22-37 од 27.6.2023 година;
- Записник за констатирана состојба за користење на простор на јаван површина Уп.1 бр. 22-37 од 27.6.2023 година;

- Решение Уп.1 бр. 22-37 од 27.6.2023 година, со поштенска испратница за уредна достава до подносителот на претставката и уплатници за уплатена такса за користење на деловен простор.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, добиеното произнесување, како и дополнително прибавените информации и документација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски врз
согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, Комисијата во конкретниот случај не утврди дека е сторена дискриминација врз наведените дискриминаторски основи: раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба. Ценејќи ги наводите на подносителот дека врз него е сторена дискриминација со актот на одбивање на барањето за користење на јавна површина за време на „Етно плоштад фестивал" во Берово во периодот од 23.8.2024 година до 25.8.2024 година, Комисијата прибави информации во однос на претходните години кога до Општина Берово биле поднесувани идентични барања за користење на јавна површина од страна на подносителот на претставката за заштита од дискриминација, сите од кои биле прифатени, за различни временски периоди и времетраење. Оттука, може да се воочи дека единствено барањето за користење на јавна површина за наведениот период во август 2024 било одбиено, следствено на што подносителот бил задолжен да ги отстрани подвижните објекти од дадениот простор. Согласно одговорот на Општина Берово, предметниот простор за кој било одбиено барањето за користење на јавниот простор, во текот на „Етно плоштад фестивалот" 2024, не бил издаден на ниту едно физичко или правно лице, при што согласно образложението на Општина Берово, било потребно овој простор да е слободен со цел слободен проток на луѓе поради најавениот поголем број на посетители на фестивалот. Имајќи го горенаведеното во предвид, Комисијата не утврди дека постои каузална врска помеѓу наведените дискриминаторски основи и одбивањето на барањето за користење на конкретната јавна површина на плоштадот „Димитар Беровски", ценејќи го фактот дека на подносителот претходно му биле одобрувани истоимените барања за користење на истиот простор на плоштадот со цел извршување на дејноста на правното лице чиј управител е, како и наведеното дека предметниот простор не бил даден на користење никому за време на одржувањето на фестивалот во август 2024 година.

Имајќи ги ја во предвид горенаведената фактичка состојба, прибавените факти и докази и законската дефиниција за дискриминација, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на раса, етничка припадност, личен и општествен статус и здравствена состојба во областа на правосудство и управа и пристап до добра услуги од страна на Општина Берово и градоначалникот Звонко Пекевски врз [1]

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

**Доставено до:**

- Општина Берово, градоначалник Звонко Пекевски, ул. „Димитар Влахов" бр. 10, 2330 Берово

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk